Врз основа на член 27 и 39 од Законот за даноците на имот ("Службен весник на РМ" бр.61/2004...23/2016), член 11 и 50 став 1 точка 14 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) Законот за процена и Методологијата за проценка на пазарна вредност на недвижен имот, Советот на Општина Старо Нагоричане, на 57-ма седница, одржана на ден 28.05.2021 година, донесе:

# ОДЛУКА
## за вршење на евиденција, попис и процена на недвижен и подвижен имот на територија на Општина Старо Нагоричане кои подлежат на оданочување согласно даноците на имот

**Член 1**

Со оваа одлука од страна на Општина Старо Нагоричане ќе се изврши евиденција, попис и процена на недвижен и подвижен имот на територија на Општина Старо Нагоричане кои подлежат на оданочување согласно законот за даноците на имот и Законот за процена.

**Член 2**

Вршењето на активностите од член 1 на оваа одлука опфаќа:

-вршење на увид во постоечкиот регистар на даночните обврзници на даноците на имот на територија на Општина Старо Нагоричане преку прибирање на податоци од одделението за финансиски прашања и електронска проверка;

-вршење на попис и процена на недвижен и подвижен имот на територија на Општина Старо Нагоричане кој подлежи на оданочување според Законот за даноците на имот, Законот за процена и утврдената Методологија за проценка;

-пополнување на обрасци / даночни пријави за даночни обврзници согласно Методологија за процена преку собирање на податоци од теренска проверка на лице место на недвижен и подвижен имот на територија на Општина Старо Нагоричане кои подлежат на оданочување согласно даноците на имот и обврзниците - сопственици, корисници или плодоуживатели, како и од податоци и регистри добиени од надлежни државни институции,

-внесување на податоците во регистарот на податоци на недвижен и подвижен имот на територија на Општина Старо Нагоричане кои подлежат на оданочување согласно даноците на имот и

-комуницирање со надлежни држани органи и даночни обврзници со цел обезбедување на податоци.

**Член 3**

Се овластува Градоначалникот на Општина Старо Нагоричане да ги организира активностите од член 2 на оваа одлука преку одделението за финансиски прашања и овластениот проценител на Општина Старо Нагоричане.

Како техничка помош за вршење на активностите ќе се ангажираат лица од општинската администрација а по потреба и надворешни лица за што ќе се обезбедат средства од Буџетот на Општина Старо Нагоричане.

**Член 4**

Се задолжува Градоначалникот на Општина Старо Нагоричане, да ги заврши активностите најдоцна до 30.09.2021 година.

**Член 5**

Одлуката влегува во сила со денот на нејзиното донесување.

Бр.08-452/13
Датум: 28.05.2021 година
Старо Нагоричане

Советот на Општина Старо Нагоричане
Претседател,
Јовица Јанчиќ

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
СОВЕТ НА ОПШТИНАТА
ОПШТИНА СТАРО НАГОРИЧАНЕ